Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ
МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Se Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO
DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 29.08.2021 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org | Број Numër | Прилог Shtese | Вредност Vlere |
| 01 | 2786/21 | | |


**Почитувани,**

Телевизија ТЕЛМА има неколку забелешки во врска со Нацрт –Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, глава VI. КАДРОВСКИ УСЛОВИ со измените - член 21 за бројот и структурата на вработените.

Со овој предлог на Нацрт-Правилникот, кадровскиот услов-бројот на вработени лица за добвање дозвола за телевизиско емитување се намалува кај сите иматели на дозволи.

Имателот на дозволата за телевизиско емитување на програмскиот сервис на државно ниво преку терестеријален предавател, треба да има најмалку **70 лица кои учествуваат во создавањето на програма и да бидат во редовен рабтен однос.**

**Лица кои учествуваат во создавањето на програма во смисла на овој Правилник се согласно Националната класификација на занимања од 2015 година, вработени во радиодифузерот на следниве работни места:**

1. **Новинари (новинар, коментатор, ликовен уметник.......................................................................... ,**
2. **Спикер на радио и телевизија...........................................................................................,**
3. **Техничари за опрема за снимање и пренос----------------------------------------------------------------**

**Исполнувањето на минимални кадровски услови се докажува со доставување документ од Агенцијата за вработување на РСМ???????????????????????**

Што значи тоа????? За каков документ се работи и кога да го доставуваме?????

-Лица кои учествуваат во создавање програма, согласно Националната класификација на занимања од 2015 година, според ТЕЛМА е недокажано и нејасно и правно неиздржано.

-Каков документ од Агенцијата за вработување со кој се докажува составот и кадровската структура на вработени лица кои создаваат програма, кога секоја телевизија како активен правен субјект, регистриран во Централен регистар со шифра 60.20 Дејности на телевизиска програма и емитување согласно Националната класификација на дејности, своето работење го уредува со свои Акти согласно важечките позитивни законски прописи, како што се Правилниците за организција и систематизација на рабоните места и Правилниците за надоместоци на плата според систематизираните работни места.

Постојано настануваат промени во структурата на работната сила.

Степенот на образование во овој Нацрт Правилник изостанува, единствено што се спомнува е дека, Одговорниот уредник од општ и од специјализиран формат задолжитено треба да биде во редовен работен однос.

Тенденција и еден од важните предуслови за развање на медиумскиот пазар е професионализмот и одговорноста за општествено медиумско опстојување.

**(лицата кои создаваат програма,** според Национална класификација на занимања од 2015)???????????????.

Намален е бројот на вработени лица, а токму намалувањето на бројот и стуктурата на вработените како еден од условите за добивање дозвола се коси со новите технологии во

поглед на дигитализацијата и вреднувањето на новинарската професија, кога како услов за емитувањето на програмскиот сервис од општ формат на локално ниво за подрачје со под 10.000 жители-2 (две) лица можат да создаваат програма или 1 (едно) лице за специјализиран формат да создава програмана на локално ниво.

Точно дека конкуренцијата меѓу ТВ-станиците треба да се зголемува, но да може да основаат две и едно лице телевизија, сепак е загрижувачки предуслов кој се коси со еден од важните сегменти за квалитет и кредибилитет, за развојот и угледот на аудиовизуелните програмски содржини.